Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 103, 3 јуни 2013 година

јуни 2013 година
Штип

## СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научните области германистика и граматика, семантика, семиотика, синтакса на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област книжевност за деца на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 17

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната уметничка област вокално пеење на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 30

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник асистент во научна област методика на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 34

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научната област психологија на образование и воспитување на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 47

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент(специјалист) за научната област ортопедски болести на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 54

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно- научната област геотектоника и регионална геологија на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 60

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебно помагало „Практикум по педагогија на слободно време“ за студентите од прв циклус студии од д-р Деспина Сивевска, Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 66

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебно помагало/скрипта „Педагогија на слободно време“ за студентите од прв циклус студии од д-р Деспина Сивевска, Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 70

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебникот „Развојна психологија“ од проф. д-р Ленче Милошева, Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 74

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за трудот „Феноменот на финансиски кризи и имликациите врз светската економија“ од проф. д-р Ристо Фотов, м-р Влатко Пачешкоски, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 77

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ ЗА УЧЕБНО ПОМАГАЛО/СКРИПТА „ПЕДАГОГИЈА НА СЛОБОДНО ВРЕМЕ“ ЗА СТУДЕНТИТЕ ОД ПРВ ЦИКЛУС СТУДИИ ОД Д-Р ДЕСПИНА СИВЕВСКА, ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“- ШТИП

Врз основа на член 63 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ“ бр. 35/08, 103/08, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011 и 51/2011, 123/2012, 15/2013 и 24/2013), а во согласност со точка 6 од Правила за издавање на учебници и учебни помагала (Универзитетски гласник бр. 23, април 2012 год.), Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки – Штип на 31. седница одржана на 2.4.2013 донесе Одлука бр. 2102-116/18 за избор на рецензенти за издавање на учебно помагало/практикум по предметот Педагогија на слободно време за студентите од прв циклус на Факултетот за образовни науки.

За рецензирање на ракописот „Педагогија на слободно време“ од авторот асс. д-р Деспина Сивевска, наменет за студентите од прв циклус на Факултетот за образовни науки на Универзитет „Гоце Делчев“- Штип, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– вонреден проф. д-р Соња Петровска, Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев“- Штип;
– редовен проф. д-р Анета Баракоска, Филозофски факултет, Институт по педагогија Универзитет „Св. Кирил и Методиј“- Скопје.

По прегледот на приложениот ракопис, Рецензентската комисија го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Ракописот/скрипта „Педагогија на слободно време“ од авторот асс. д-р Деспина Сивевска е наменет за студентите запишани на додипломските студии на Факултетот за образовни науки кои го изучуваат предметот Педагогија на слободно време. Истиот се слуша на студиските програми Педагогија (2+1+1), VI семестар од страна на студентите од студиската програма по Социјална педагогија (2+2+1) и во IV семестар од студентите од страна на студентите од студиската програма по Одделенска настава, (2+1+1), согласно со Наставната програма од 2011/2012 и 2012/2013 год. на Факултетот за образовни науки на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.

Ракописот е напишан на А4 формат, нормален проред, фонт Times New Roman со македонска поддршка, големина 12, содржи 2 графички прикази и 35 библиографски единици од еминентни автори кои ја обработуваат проблематиката на слободното време.

Од содржински аспект текстот е компатибилен со наставната програма за предметот и нуди можност за остварување на предвидените цели.

Скриптата е поделена на 11 (единаесет) поглавја, во кои на разбирлив и достапен начин за студентите се елаборирани различните аспекти на слободното време на децата и младите како педагошки феномен.

1. Слободното време низ историјата,
2. Определување на поимот слободно време,
3. Педагогија на слободното време како педагошка дисциплина и нејзиниот однос со другите научни дисциплини,
4. Поим, предмет и задачи на педагогијата на слободно време,
5. Принципи за користење на слободното време,
6. Фактори на организирање на слободното време,
7. Активности на слободното време и нивна класификација,
8. Слободното време на младите,

9. Педагошката клима во училиштето и семејството и активностите на децата и младите во слободното време,
10. Слободното време во современото општество,
11. Педагошката вредност на слободното време.

Скриптата ги задоволува како содржинските, така и дидактичко-методичките барања за литература која може да се користи како основно средство за учење во наставата по Педагогија на слободно време.

Користена е современа литература, а сознанијата од истата, на креативен начин, се преточени во содржини кои се во функција на достигнување на предвидените цели и очекуваните резултати по предметот.

Јазикот на кој е напишана скриптата е јасен и разбирлив за студентите. Според наставниот план и програма за студии на Факултетот за образовни науки, материјалот е соодветен за да може да се користи како учебно помагало по предметот Педагогија на слободно време.

## З А К Л У Ч О К

Приложениот ракопис во целост ги задоволува педагошките, дидактичко-методичките и структурните критериуми, како и условите за издавање учебно помагало според Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип.

Со особено задоволство, на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип му препорачуваме ракописот „Педагогија на слободно време" од авторот д-р Деспина Сивевска да биде издаден како учебно помагало скрипта за студентите на прв циклус на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Соња Петровска, с.р.**

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА РАКОПИСОТ ЗА УЧЕБНО ПОМАГАЛО/СКРИПТА „ПЕДАГОГИЈА НА СЛОБОДНО ВРЕМЕ“ ЗА СТУДЕНТИТЕ ОД ПРВ ЦИКЛУС СТУДИИ ОД Д-Р ДЕСПИНА СИВЕВСКА, ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП**

Врз основа на член 63 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ“ бр. 35/08, 103/08, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011 и 51/2011, 123/2012, 15/2013 и 24/2013), а во согласност со точка 6 од Правила за издавање на учебници и учебни помагала („Универзитетски гласник“ бр. 23, април 2012 год.), Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки – Штип на 31. седница одржана на 2.4.2013 год. донесе Одлука бр. 2102-116/18 за избор на рецензенти за издавање на учебно помагало/практикум по предметот Педагогија на слободно време, за студентите од прв циклус Факултетот за образовни науки.

За рецензирање на ракописот „Педагогија на слободно време“ од авторот асс. д-р Деспина Сивевска, наменет за студентите од прв циклус на Факултетот за образовни науки на Универзитет „Гоце Делчев“- Штип, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- вонреден проф. д-р Соња Петровска, Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев“- Штип;
- редовен проф. д-р Анета Баракоска, Филозофски факултет, Институт по педагогија Универзитет „Св. Кирил и Методиј“- Скопје.

По прегледот на приложениот ракопис, Рецензентската комисија го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Ракописот „Педагогија на слободно време“ од авторот асс. д-р Деспина Сивевска е конципиран и пишуван според наставниот план и програма по предметот Педагогија на слободно време, кој се изучува на студиите од првиот циклус на додипломска настава на Факултетот за образовни науки. Предметот Педагогија на слободно време се изучува на студиските програми по Педагогија, Социјална педагогија и Одделенска настава, согласно со Наставната програма од 2011/2012 и 2012/2013 год. на Факултетот за образовни науки на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.

Ракописот кој е доставен на рецензентите претставува целосен материјал преку кој студентите ќе можат да добијат сознанија потребни за предметната материја, но и ќе може целосно да се реализираат барањата на предметната програма и ЕКТС системот.

Скриптата е напишана на лесен и разбирлив јазик, а елаборираниот материјал е соодветен за курсот по предметот Педагогија на слободно време на Факултетот за образовни науки. Наставната материја предвидена со програмата за предметот Педагогија на слободно време е целосно опфатена во рамките на оваа скрипта.

**Податоци за обемот на ракописот**

Содржината на ракописот, кој е наменет за издавање на учебно помагало во вид на скрипта по предметот Педагогија на слободно време е претставен во текст од вкупно 112 страници. Трудот е пишуван во А4 формат со нормален проред, употребен е фонт Times New Roman и со големина на буквите 12. Ракописот е подготвен според стандардната методологија, а обемот на трудот и неговата содржина ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип.

Во ракописот се елаборираат низа педагошки аспекти и димензии на слободното време. Содржината на ракописот е поделен во 11 поглавја и тоа: СЛОБОДНОТО ВРЕМЕ НИЗ ИСТОРИЈАТА; ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПОИМОТ СЛОБОДНО ВРЕМЕ; ПЕДАГОГИЈА НА СЛОБОДНОТО ВРЕМЕ КАКО ПЕДАГОШКА ДИСИПЛИНА И НЕЈЗИНИОТ ОДНОС СО ДРУГИТЕ НАУЧНИ ДИСЦИПЛИНИ; ПОИМ, ПРЕДМЕТ И ЗАДАЧИ НА ПЕДАГОГИЈАТА НА СЛОБОДНО ВРЕМЕ; ПРИНЦИПИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СЛОБОДНОТО ВРЕМЕ; ФАКТОРИ НА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА СЛОБОДНОТО ВРЕМЕ; АКТИВНОСТИ НА СЛОБОДНОТО ВРЕМЕ И НИВНА КЛАСИФИКАЦИЈА; СЛОБОДНОТО ВРЕМЕ НА МЛАДИТЕ; ПЕДАГОШКАТА КЛИМА ВО УЧИЛИШТЕТО И СЕМЕЈСТВОТО; СЛОБОДНОТО ВРЕМЕ ВО СОВРЕМЕНОТО ОПШТЕСТВО; ПЕДАГОШКАТА ВРЕДНОСТ НА СЛОБОДНОТО ВРЕМЕ.

По однос на третиранот проблем авторот презентира аналитичко-синтетички пристап во разработката на насловите и поднасловите со што нуди една јасна слика за педагошките димензии на слободното време. Ракописот е структуриран така што овозможува студентите прво да се запознаат со основните прашања поврзан со слободното време како историска и општествена категорија, а потоа и со прашањата поврзани за педагогијата на слободното време како педагошка дисциплина. Темите во ракописот се обработени конзистентно низ оригинален, консеквентно спроведен мисловен и концептуален пат.

Ракописот за учебното помагало/скрипта „Педагогија на слободно време" од авторот асс. д-р Деспина Сивевска по однос на методолошкото обликување, стил пристап, покажува дека авторот комуницира со оваа проблематика, користи современа аргументација и се повикува на релевантна литература. Ракописот не остава простор за евентуално суштинско подобрување и каква било интервенција на текстот.

## З А К Л У Ч О К

Ракописот за учебното помагало/скрипта „Педагогија на слободно време" од авторот асс. д-р Деспина Сивевска ги опфаќа сите содржини кои ја третираат проблематиката на слободното време од теоретски и практичен аспект, адаптирани според Наставната програма и содржина на предметот Педагогија на слободно време од студиските програми по Педагогија, Социјална педагогија и Одделенска настава на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип.

Приложениот ракопис во целост ги задоволува критериумите за учебно помагало – скрипта, како и условите за издавање пропишани според Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип.

Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет ракописот „Педагогија на слободно време" од авторот д-р Деспина Сивевска да биде издаден како учебно помагало / скрипта за студентите на прв циклус на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Анета Бараковска с.р.**